Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-420/9
29. 11. 2024 год.
ГРАДСКО

Врз основа на Законот за Јавна чистота (Службен весник на Република Македонија бр. 111/2008, 64/2009, 88/2010, 130/2010, 23/2011, 53/2011, 47/2012, 80/2012, 163/2013, 44/2015, 147/2015, 31/2016 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 122/2021), член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ бр. 5/02), Советот на Општина Градско на седницата одржана на ден 29.11.2024 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за зимско одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Градско за 2025 година**

Со оваа Програма се уредуваат работите за зимско одржување на локалните патишта и улици, делниците од регионалните патишта кои минуваат низ населените места а се изградени како улици, како и работите за одржување на комуналните објекти, тротоарите на подрачјето на општина Градско за сезоната 2025 година. Јавни патишта на подрачјето на општина Градско се локалните патишта и улиците.

**1. Работи на зимско одржување на локалните патишта и улици се:**

- чистење на снег и мраз од коловозот, комуналните објекти, тротоарите;
- посипување на коловозот со сол или абразивни средства во осојничави места, мостовите, делниците со поголеми наклони на патот, како и на други места во случај на појава на мраз на коловозот;

Работите на зимско одржување на локалните патишта и улици се изведуваат на начин кој има за цел да обезбеди постојана проодност во зависност од утврдениот приоритет произлезен од категоријата и значајот на локалниот пат или улица.

По исклучок кога работите на локалниот пат или улица не можат да се изведат под сообраќај, одделението за урбанизам, комунални дејности и животна средина на општина Градско привремено, делумно или во целост ќе го запре сообраќајот и ќе утврди по кој друг пат и под кои услови ќе се одвива сообраќајот, по претходно известување во рок од 48 часа на корисниците на јавниот пат или улица по преку средства за јавно информирање.

Ако поради снег, голомразица или други причини сообраќајот на локалниот пат или улица е отежнат или безбедноста на сообраќајот значително е загрозена, надлежниот општински орган ќе превземе итни мерки за отстранување на пречките, а ако не е во состојба да ги отстрани пречките ќе го запре целиот сообраќај или само за одделни видови на возила, по претходно прибавена согласност од Министерството за транспорт и врски, односно надлежниот орган во општината.

Во случаите кога прекинот на сообраќајот трае подолго од два часа надлежниот орган на општината ќе ја извести јавноста преку средствата за информирање.

Надлежниот орган на општината со сообраќајни знаци и на друг погоден начин ќе ги означи условите и ќе утврди режим на сообраќај на локалниот пат или

улица, во сите случаи кога постојат околности кои можат да го загрозат безбедното одвивање на сообраќајот.

Во случај на прекин на сообраќајот на јавен пат поради елементарни непогоди (снежни лавини, одрони од поголем обем или од други причини) надлежниот орган на општината ќе постапи врз основа на посебен план за отстранување на последиците од елементарни непогоди, што го донесува Советот на општината.

**2. Во зимското одржување на локалните патишта и улици ќе учествуваат надлежните органи со следните обврски:**

1. *Совет на општина Градско*
   - донесува Програма за зимско одржување;
   - донесува Посебен план за отстранување на последиците од елементарни непогоди.
2. *Одделение за урбанизам, комунални дејности и животна средина*
   - го организира чистењето на снег и мраз од коловозот на локалните патишта и улиците, комуналните објекти, тротоарите и како и посипувањето на коловозот со сол или абразивни средства;
   - привремено, делумно или во целост го запира сообраќајот кога работите неможат да се изведат под сообраќај;
   - во рок од 48 часа пред запирањето на сообраќајот ги известува корисниците на локалниот пат и улица преку средства за јавно информирање;
   - превзема итни мерки за отстранување на пречките при отежнато одвивање на сообраќајот или значителна загрозеност на безбедноста на сообраќајот или запирање на сообраќајот на одредени делници или во целина по претходно прибавување на согласност од надлежниот државен или општински орган;
   - ја известува јавноста преку средства за јавно информирање за прекин подолг од два часа;
   - постапува согласно Посебен план за отстранување на последиците од елементарни непогоди, во случај на прекин на сообраќајот поради елементарни непогоди.
3. *Комунален инспектор:*
   - надзор и контрола на чистењето на јавно-прометните површини и во зимскиот период.
4. *Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата:*
   - масовна едукација за мерките и активностите за унапредување на сообраќајната превентива и безбедноста во патниот сообраќај
5. *Општинскиот штаб за заштита и спасување:*
   - активно учество во изготвувањето на Програмата, следење на нејзиното спроведување и на севкупната состојба во зимскиот период заради благовремено преземање на превентивни мерки за заштита и спасување, како и конкретни активности за соодветна дообука и подготвеност на екипите - лицата од населените места кои што ќе вршат чистење и посолување.

**3. Во зимското одржување на локалните патишта и улици ќе учествуваат и други органи и институции и претпријатија со следните задачи:**

1. *Државен инспектор за патишта:*

   - надзор и контрола над мерките и активностите за безбедноста на ссообраќајот на патиштата.

2. *Центар за известување и тревожење:*

   - се вклучува во извршувањето на Програмата во делот на информативниот систем за зимско одржување, и тоа само со помош на својата развиена радиостанична мрежа.

3. *Сообраќајна полиција:*

   - покрај извршувањето на работите од својата надлежност, таа е еден од првичните извори на информации од теренот за состојбата на патиштата.

4. *Јавно претпријатие за одржување на патиштата ,,Македонија пат,, - Скопје - Подружница Велес:*

   - ја извршува Програмата во целост во делот на улиците кои се определени како дел од регионалниот пат (во Градско), а за локалните патишта во висина на доверените работи согласно склучен договор со ЕЛС општина Градско - одделение за урбанизам, комунални дејности и животна средина и во согласност со постапките на зимско одржување на магистралните и регионалните патишта. На територијата на општината како прв приоритет има обврска да извршува зимско одржување на автопатот Пријателство Е-75 а втор приоритет се регионалните патишта и тоа:
     - РП - 1102 Велес - Градско
     - А1 - Градско - Прилеп

5. *ЈКП ,,Клепа,,* се ангажира во зимското одржување согласно Програмата за следните локални патишта:

| | |
|---|---|
| 1. ЛП - Градско - Д.Чичево | 7,0 км |
| 2. ЛП -.Д.Чичево - Подлес | 7,0 км |
| 3. ЛП - Д.Чичево - Г. Чичево | 2,0 км |
| 4. ЛП - РП1102 - Ногаевци | 1,0 км |
| 5. ЛП - РП1102 - Виничани | 1,5 км |
| 6. ЛП - РП1102 - Водоврати | 4,5 км |
| 7. ЛП - РП1102 - Кочилари | 2,5 км |
| 8. ЛП - Градско - Уланци | 1,0 км |
| 9. ЛП - РП1102- Грнчиште | 5,1 км |
| 10. ЛП - Грнчиште - Скачинци | 4,0 км |
| 11. ЛП - РП1102 - Лаките | 1,0 км |
| **Вкупно** | **36,6 км** |

6. Потребата од други градежни машини ќе бидат ангажирани од соодветни претпријатија за чистење и оспособување на останатите локални патни правци по претходно склучен договор врз основа на Законот за јавни набавки.

7. *ЈКП ,,Клепа,, Градско* се ангажира во зимското одржување на улиците согласно со Програмата за чистење на јавно - прометни површини и оваа Програма за следните улици:

| | |
|---|---|
| 1. ул.Александар Македонски | |
| 2. ул.8 Септември | 0,418 км |
| 3. ул. 11 Октомври | 1,840 км |
| 4. ул.Борис Трајковски | 0,714 км |
| 5. ул. Илинденска | 1,012 км |
| 6. ул. Гоце Делчев | 0,500 км |
| 7. ул. Никола Карев | 0,210 км |
| 8. ул. 8 Ноември | 0,234 км |
| 9. ул. Индустриска | 0,373 км |
| 10. ул. Автопат | 0,400 км |
| 11. ул. Староградска | 0,220 км |
| 12. ул. Обиколница | 1,590 км |
| 13. ул. Јане Сандански | 1,081 км |
| Вкупно | 0,818 км |
| | **9,410 км** |

**4. Во зимското одржување на локалните патишта, улици и други комунални објекти ќе се вклучат и:**

1. *ЕВН Македонија КЕЦ Велес:*
   - ги превзема потребните мерки за чистење на снегот, од надворешните електро инсталации, приодите и непосредната околина околу трафостаниците и другите уреди.
2. *АД ,,Македонски телекомуникации,,* - Регионален центар за телекомуникации - Велес:
   - ги превзема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните ПТТ инсталации и уреди на телефонските говорници.
3. *Превозниците во јавниот превоз (градски и приградски)*:
   - преземаат потребни мерки за отстранување на снегот и мразот од автобуските стојалишта и нивно оспособување за користење.
4. *Граѓаните:*
   - го чистат снегот и голомразицата од тротоарите, патеките и приодите пред своите стамбени згради и индивидуални куќи, а исто така и од покривите и терасите водејќи сметка за безбедноста на минувачите и исчистениот собран снег да обезбедува нормален и безбеден пешачки и друг вид на сообраќај.
5. *Сопствениците и корисниците на деловни објекти и дуќани:*
   - го чистат снегот и голомразицата од тротоарите, патеките и приодите пред своите деловни објекти и дуќани, при тоа водејќи сметка за безбедноста на минувачите и исчистениот собран снег да обезбедува нормален и безбеден пешачки и друг вид на сообраќај.

6. *Други учесници*:

- единиците на Дирекцијата за заштита и спасување, месните заедници, ученици и студенти и други екипи, како и сите други, во услови на прогласена елементарна непогода заедно дејствуваат според посебниот План за отстранување на последиците од елементарни непогоди донесен од Советот на општината.

7. *Месни заедници во општината*:

- се должни да превземат одговорност во смисла: да ги известат надлежниот орган и граѓаните за настанатата состојба, потребата и начинот за отстранувањето на снежните наноси, при тоа да ги активираат граѓаните од таа МЗ за да можат во договор со општна Градско - одделението за урбанизам, комунални дејности и животна средина, да превземат конкретни работни задолженија и обврски во зимското одржување на патната мрежа, заради што поодделни месни заедници може да подигнат, складираат, чуваат и наменски да користат одредено количество на индустриска сол, со можност од задолжително учество со сопствена механизација и екипи во чистењето и посолувањето.

8. *Сите учесници* во извршувањето на доверените работи од зимско одржување на јавната патна мрежа, се должни до надлежниот општински орган да достават програма за својата подготвеност и опременост со механизација и извршители.

Совет на Општина Градско
Претседател
________________________
Мирјана Ѓорѓиева